КОМОРА НА ВЕШТАЦИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ИСОС
ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

меѓу

КОМОРА НА ВЕШТАЦИ НА РСМ

И

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РСМ

Во интерес на промовирање на меѓусебната соработка, развој на сметководството, едукација на вработените, членовите и учество во заеднички едукативни и апликативни проекти и други области во меѓусебен интерес, долупотпишаните страни склучуваат:

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

ИСОС
ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 09-178/1
14.05. 2025 год.
СКОПЈЕ

**Помеѓу:**

**Комора на вештаци на Република Северна Македонија,** ул. „Димитрие Чуповски" бр.9, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, претставувана и застапувана од д-р. Виктор Камнар, претседател, и

**Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија**, ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 20, кат 2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, претставуван и застапуван од г-ца Весна Прентоска, претседател (во понатамошниот текст: договорни страни).

**Член 1**

Комора на вештаци на Република Северна Македонија е професионално коморско здружување на вештаци основано со Законот за вештачење. Комората во извршувањето на работите од својот делокруг обезбедува унапредување на заштитата, стручноста, етиката, статусот и односот на вештаците кон граѓаните, како и подобрување на квалитетот на вештачењето. Работите од својот делокруг, Комората ги извршува самостојно и независно, врз основа и во рамките на Уставот, Законот за вештачење, други закони, прописи, подзаконски акти и Статутот на Комората.

Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија е професионално здружение на сметководители и овластените сметководители основано согласно Законот за вршење на сметководствени работи и е основан со цел унапредување на сметководствената професија и организирано делување на сметководителите и овластените сметководители на територијата на Република Северна Македонија. Институтот е независна, неполитичка и непрофитна организација, во која членуваат сметководители и овластените сметководители, без оглед на нивната национална, верска, расна и друга припадност.

**Член 2**

Целта на Меморандумот за соработка е унапредување на соработката во вршењето на законските надлежности од својот делокруг, како и размена на податоци и искуства помеѓу двете институции.

**Член 3**

Со овој Меморандум за соработка, Комората на вештаци на Република Северна Македонија и Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија ја изразуваат подготвеноста за соработка во:

- обезбедувања континуирана размена на податоци и информации, во рамките на

своите законски надлежности;

- давање стручна помош и соработка во областа на сметководството;
- организирање заеднички обуки за подобрување и усовршување на капацитетите на двете институции;
- размена на знаења и искуства од областа на сите видови обуки, анализа на податоци, анализа на финансиски извештаи, кост бенефит анализа и други видови анализи;
- размена на знаења и искуства во имплементација на Меѓународните стандарди за финансиско известување и Меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти;
- зголемување на знаењата и вештините на судските вештаци од професионалното одделение од областа економија и финансии, овластените сметководители и сметководителите;
- учество во заеднички научни и апликативни проекти;
- активно учество на експерти од ИСОС во одржување на Континуирано професионално усовршување (КПУ) на вештаците од областа економија и финансии и на други настани од взаемен интерес;
- реализација на едукативни настани (специјализирани обуки, работилници и слично) на теми од заеднички интерес;
- соработка и координација меѓу стручните лица на страните потписнички во процесот на изготвување на предлог-документи за развој на сметководствената професија и професијата на вештаци од економската област;
- активности околу поблиску запознавање на специфичностите на работите на вештаците од економска област и сметководителите и овластените сметководители и
- други активности за кои страните потписнички ќе искажат интерес за соработка.

**Член 4**

Договорните страни се согласни да обезбедат размена на податоци и информации на барање на едната договорна страна, во рамките на своите законски надлежности.

Договорните страни се согласни да ги доставуваат добиените податоци и информации од други институции кои и биле доставени на едната договорна страна, а се од значење за тековното работење на другата договорна страна.

**Член 5**

Договорните страни се согласни да обезбедат давање стручна помош и соработка во областа на сметководството, од аспект на методологијата и примената на стандардите по кои работат сметководителите (Меѓународните стандарди за финансиско известување и Меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти).

Исто така, согласни се да обезбедат размена на стручна литература, прирачници и друг вид на материјали (презентации, анализи и слично) од взаемен интерес.

**Член 6**

Договорните страни се согласни да организираат заеднички обуки на вештаците и сметководителите за подобрување и усовршување на ефикасноста и ефективноста преку зајакнување на релевантните капацитети. Двете институции меѓусебно ќе се информираат за организирани обуки, настани и семинари, како и добиени покани за учество на обуки, настани и семинари за своите вработени/членови.

**Член 7**

Договорните страни се согласни да се придржуваат кон целта на Меморандумот за соработка.

**Член 8**

Содржината на овој Меморандум може да се менува само со писмена согласност на двете договорни страни.

**Член 9**

Овој Меморандум е составен во четири еднообразни примероци, од кои по два за секоја договорна страна.

**Член 10**

Овој меморандум стапува во сила со денот на неговото потпишување од страна на двете договорни страни.

Потпишан во Скопје, на ден 14 мај 2025 година.

**Државен завод за ревизија**

Претседател
д-р Виктор Камнар

______________________

**Институт на сметководители и овластени сметководители**

Претседател
Весна Прентоска

______________________